# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 4** **Понеделник, 10 Април 2023** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за давање на трајно користење на движна ствар-возило на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија.........................................................................................................*
2. *Одлука за утврдување на тримесечниот оперативен трошок за функционирање на "Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион" ………………………………………………………………………………*
3. *Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија.......................*
4. *Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2023 година……………………*
5. *Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2023 година………………………………………………………………………………………*
6. *Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2023 година.........................................................................................*
7. *Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2023 година…………………………………………………*
8. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред…………………………………………………..*
9. *Решение за давање Согласност на Извештај за работењето на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година……………………………………………………………………………....*
10. *Решение за давање Согласност на Финансиски извештај по годишна сметка на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година……………………………………………………….*
11. *Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на водата за пиење…………………*
12. *Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на надоместокот за отпадни води*
13. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за јавна чистота во град Демир Капија за 2022 година........................................................................................................................*
14. *Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година..............................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на движна ствар-возило на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање на трајно користење на движна ствар-возило на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/1
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на трајно користење на движна ствар-возило на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Демир Капија дава на трајно користење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија, возило со следните карактеристики:

1. Вид: ПМВ, марка Голф, плава боја, со број на шасија WVWZZZ1JZYW339798

**Член 2**

Движната ствар од член 1 се дава на трајно користење без надомест на Јавната општинска установа Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се обврзува Јавната општинска установа Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија, да го внесе возилото од член 1 од оваа одлука во евиденција на основни средства на Јавната општинска установа Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/3
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на тримесечниот оперативен трошок за функционирање на "Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион"**

Се објавува Одлука за утврдување на тримесечниот оперативен трошок за функционирање на "Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/2
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XX-та седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

За утврдување на тримесечниот оперативен трошок за функционирање на "Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион"

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува поединечниот надоместок кој што се однесува на фиксните оперативни трошоци за управување со "Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион" во почетната година од работењето.

**Член 2**

Вкупната вредност на потребните средства за обезбедување одржливост на натамошното функционирање на регионалниот центар за 2023 година со кои учествува Општина Демир Капија за последниот квартал (октомври, ноември и декември) се во износ од 40.838,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општина Демир Капија, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 311/4
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/3
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр.5/02”), Советот на Општина Демир Капија на XX-та седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
За отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отпис на застарени обврски кои Општина Демир Капија ги имала спрема други правни лица и се евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 2**

Се врши отпис на застарени обврски во вкупен износ од **72.402,00** денари утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа одлука.

Отписот на застарените обврски се врши согласно Извештајот за извршениот попис на паричните средства, побарувањата и обврските во Буџетот на Општина Демир Капија, изготвен од Комисијата за вршење на попис на целокупните парични средства, побарувања и обврски за 2022 година формирана од Градоначалникот.

**Член 3**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на паричните обврски евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија и истата ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 311/5
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –338/4 | Градоначалник на |
| 10.04.2023 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/2002), а во врска со член 11 и член 142 став 5 од Законот за Социјалната заштита („Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), Советот на Општина Демир Капија на XX-седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

**I.ВОВЕД**

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и активности, со кои се спречуваат или надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани со цел - одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост; подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот или семејството.

**II.ЦЕЛИ**

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита да бидат насочени кон остварување на следните приоритетни цели:

•Обезбедување на рационално и ефикасно задоволување на потребите и интересите на населението на општина Демир Капија во областа на социјалната заштита, во рамките на буџетските можности;
• Зајакнување на соработката со релевантните институции ЦСР Неготино, АВРСМ, образовните институции, во насока на намалување на социјалните и здравствените проблеми со кои се соочува населението во Општина Демир Капија;
• Зајакнување на јавната свест за потребата од подршка на решавање на социјалните проблеми во општината;
• Подобрување на стандардот на населението и нивото на здравствената едукација.

**II. АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:
- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на маргинализирани групи на граѓани, Финансиска помош за лекување, Помош на семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;
- Еднократна парична помош на семејства за новороденче;
- Помош на самохрани родители;
- Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ „Борис Трајковски“-Демир Капија;
- Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти;
- Грижа за старите лица;
- Промовирање на родовата еднаквост;

- Едукативни работилници за информирање на младите за детектирање на облиците на зависности, трговија со луѓе и облиците на семејно насилство.
- Реализација на активности по стратешки документи

**1. ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ - ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

Општина Демир Капија ќе обезбеди финансиска помош на лицата корисници на права од областа на социјалната заштита.

Оваа активност се однесува на онаа категорија на граѓани, жители на Општина Демир Капија (со ниски месечни приходи или корисници на социјална парична помош) кои доставиле барање за доделување на финансиска помош заради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за домување и живот.

За остварување на правата на еднократна парична помош, потребно е барателот да достави:

-Статус на социјално загрозено лице со потврда/доказ од Центарот за социјални работи или од Агенцијата за вработување;

-Валидна документација за докажување на потребата од покривање на соодветен расход, чие покривање не е опфатено со друг законски пропис. (Составен дел на барањето за еднократна парична помош е медицинска документација со која барателот располага/записник од увид за претрпена штета/потврда од надлежна институција за социјалната положба.)

-Оценка на запаѓање во социјално неповолна положба од објективна причина/документ за месечни примања на вработените членови од семејството;

-Записник за констатирање на фактичката состојба од надлежен орган.

Барањата за остварување на права од социјална заштита и помош се поднесуваат до надлежна Комисија на Советот на Општина Демир Капија, која врз основа на расположливите финансиски средства одобрени во кварталниот финансиски план на Буџетот на Општина Демир Капија, го разгледува поединечно секое барање со комплетна придружна документација. За секое поединечно барање Комисијата се изјаснува со одобрување или неодобрување со предлог за висината на одобрениот износ.

Врз основа на позитивното мислење од надлежната Комисија, Советот на Општина Демир Капија донесува Решение за одобрување на финансиски средства, согласно кварталниот финансиски план на Буџетот на Општина Демир Капија, со намена за ублажување на социјалната состојба на барателот кој без своја вина се нашол во истата.

Паричната помош за ублажување на социјалната состојба на социјално загрозените лица е најмалку во висина од 3.000 денари.

**●ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ -** помош и поддршка на самохрани родители.

**2. НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ**

**Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување:**

**● ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ** со работно ангажирање на социјално загрозени лица. Преку оваа социјална услуга, општината врши ангажирање на дополнителен број извршители од евиденцијата на невработени лица и приматели на социјална помош, кои би биле ангажирани во Јавните претпријатија (ЈП) основани од општината, во периодите кога се јавува потреба од работници.

**● ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА**

Преку проектот општинско корисна работа се овозможува обука на невработени лица за здобивање со стручни квалификации за вршење на одредени работи и задачи. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на општината.

Во Општина Демир Капија во континуитет неколку години се реализира проект во рамките на програмата Општинско корисна работа, која што е поддржана од Агенцијата за вработување, Програмата за развој на Обединетите нации и Општина Демир Капија. Од јули 2022 година во ЈОУДГ “Борис Трајковски“ Демир Капија се спроведува проектот“Подобрување на раниот детски развој и квалитетот на живот во Бистренци и Корешница” со обезбедување на платен ангажман на 7

лица. Невработените лица се ангажираат за период од 9 месеци, што значи дека проектните активности траат заклучно со март 2023 година. Преку работното ангажирање невработените лица се стекнуваат со вештини и работно искуство, со што во иднина ќе можат полесно да се вклучат во пазарот на трудот.Се планира во текот на годината да се продолжи соработката во рамките на програмата општинско корисна работа.

● **ПРОЕКТ НАРОДНА КУЈНА** - Во континуитет се спроведува Проектот ,,Народна кујна'' преку кој во ЈОУДГ "Борис Трајковски"Демир Капија се обезбедува топол оброк за најзагрозените граѓани. Проектот се реализира во соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Општина Демир Капија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и со него моментално се опфатени 13 (тринаесет) лица.

На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на животниот стандард на оваа социјално ранлива категорија на лица.

**●НАДОМЕСТОК ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ДЕЦА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЈОУДГ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ"ДЕМИР КАПИЈА –** Согласно одредбите од Законот за заштита на деца, МТСП има донесено правилник за критериумите за остварување на право на партиципација на деца за престој во детските градинки. Тоа се однесува на деца од семејства чија материјална состојба е нарушена поради претрпени природни непогоди и друго како и дете од семејство на самохран родител чија основна месечна плата е во износ до минималната плата, со прилог на исплатна листа. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ „Борис Трајковски"-Демир Капија „Борис Трајковски"-Демир Капија.

● **ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦА -** За децата, жители на Општина Демир Капија кои потекнуваат од социјално-загрозени домаќинства, Општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

● **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ ПАКЕТИ** за лица од социјално ранливи категории, корисници на Народна кујна.

**<u>3.ПАРИЧНА ПОМОШ И СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ЗА ДЕЦА, УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ</u>**

**●Еднократна парична помош на семејства за новороденчиња родени во 2023 година во општина Демир Капија**

Општина Демир Капија доделува еднократна парична помош на семејства за новородени деца во 2023 година. За остварување на правото на парична помош за новороденчиња, доволно е само еден од родителите да има лична карта со постојано живеалиште во Општина Демир Капија.

Еднократниот паричен надомест ќе изнесува:

**● 6.000,00 денари, за секое новородено дете и**

**●15.000,00 денари, во случај кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).**

Градоначалникот на Општина Демир Капија донесува Решение за одобрување на еднократна парична помош за новороденче врз основа на претходно поднесено барање од еден од родителите на детето.

Барателот е должен да достави – копија од лична карта од родителите, извод од матична книга на родените (за новороденчето) и број на трансакциона сметка, во рок од (6) месеци од денот на раѓањето на детето.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови, се добиваат и податоци за бројоот на новородени деца во Општината на годишно ниво, во соодност со податоците за пораст или опаѓање на новородени деца во локалната самоуправа.

● Општина Демир Капија обезбедува **ПАРИЧНИ НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ** кои потекнуваат од социјално загрозени семејства како и за најдобрите ученици согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија, и тоа:

-(3) три ученички стипендии за учебна 2023/24 (ученици кои се од социјално ранливи семејства и ученици кои постигнале значителни резултати во учењето);

-(3) три студентски стипендии за студиска 2023/24 ( студенти кои се од социјално ранливи семејства и студенти кои постигнале значителни резултати);

●Парична награда за првенец на генерацијата 2022/2023 во ООУ"Димче А.Габерот"Демир Капија.

●Парични награди за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари (од областа на науката, културата и спортот)
●Пакетче со училишен прибор за деца првачиња во ООУ“Димче А.Габерот“Демир Капија.

● **Организирање на Едукативни работилници за информирање на младите за детектирање на облиците на зависности, трговија со луѓе и облиците на семејно насилство.** Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции и алкохол. Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино, со училиштата, здраствените установи, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

**III.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите предвидени со Програмата ќе се финансираат од средства на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година,Министерството за труд и социјална политика,здруженија, фондации и други извори.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Демир Капија ќе ги подржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектните активности од областа на социјалната сфера за обезбедување на средства и друга помош од:
- Министерството за труд и социјална политика на РСМ;
-Трговски друштва, Јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица.
-Други извори.

**IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Содржините предвидени во програмата ќе се финансираат од посебни ставки во Буџетот на општината.

Содржините опишани во табеларниот приказ, се составен дел на Програмата.

**V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности кои ќе се помагаат од Буџетот на Општина Демир Капија се:
-обезбедување на стручна и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
-организирање на протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници од општината со потенцијални донатори и проекти од областа на социјалната и здравствената заштита;
-поддршка на реализирање проектни активности реализирани од здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Демир Капија, со средства од општинскиот буџет и други извори на средства.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Капија“,а ќе се применува од 01 јануари 2023 година.

Број 08 – 311/6
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

| ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2023 ГОДИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Активност:** | **Временска рамка: 2023 год.** | **Носител:** | **Извори на средства во денари:** | | | |
| | | | | **Буџет на Општина Демир Капија** | **МТСП** | **Други извори** | **Вкупно: денари** |
| **Еднократна парична помош – поддршка на граѓани,жители на општина Демир Капија** | | | | | | | |
| **1.** | **●Доделување на еднократна парична помош на граѓани – жители на општина Демир Капија кои се во социјален ризик** - по основ на материјална загрозеност, корисници на социјална парична помош, болничко лекување, елементарни непогоди, помош и поддршка на самохрани родители без дополнителни приходи | по потреба согласно доставени барања | Општина Демир Капија | 172.000 | | | 172.000 |
| **2.** | **Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост** | | | | | | |
| | **●Општинско корисна работа** – проект "Подобрување на раниот детски развој и квалитетот на живот во Бистренци и Корешница" во кој се работно ангажирани 7 лица во ЈОУДГ"Борис Трајковски"Демир Капија. (Проектот е отпочнат од јули 2022 година и се реализира 9 месеци). | заклучно со март 2023 год. во континуитет по одобрена апликација | | 64.800 20% од вкупен буџет на проектот | | 259.200 80% од вкупе буџет, преку Програмата за развој на Обед.Нации | 324.000 |
| | **●Проект Народна кујна** | континуирано во текот на годината | Општина Демир Капија, МТСП, ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија | | 250000 | | 250.000 |
| | **Надоместок за партиципација на деца од детската градинка –** згрижување на деца од загрозени семејства во детските градинки | 2023 година | Општина Демир Капија, ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија | 80.000 | | | 80.000 |
| | **●Социјални пакети** за лица од социјално ранливи категории<br>**●Новогодишни пакетчиња за деца** | Декември 2023 | Општина Демир Капија во соработка со општествено одговорни фирми | 20.000 | | 20.000 | 40.000 |
| | | | | | | | |

| | Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | **●Еднократна парична помош за семејства за секое новородено дете** | Во текот на годината | Општина Демир Капија | 150.000 | | | 150.000 |
| | **●Парична помош и стимулативни мерки за ученици и студенти** Општина Демир Капија ќе обезбедува парична помош и стипендии за ученици и студенти кои потекнуваат од социјално загрозени семејства како и за најдобрите ученици согласно утврдени критериуми и тоа:<br>-Ученички стипендии за учебна 2022/23 (ученици кои се од социјално ранливи семејства и ученици кои постигнале значителни резултати во учењето)<br>-Студентски стипендии за студиска 2022/23 ( студенти кои се од социјално ранливи семејства и студенти кои постигнале значителни резултати)<br>-Парична награда за првенец на генерацијата 2021/2022 во ООУ"Димче А.Габерот"Демир Капија – 6.000 денари<br>- Парични награди за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари – 3.000 денари<br>- Пакетчиња со училишен прибор за деца првачиња во ООУ"Димче А.Габерот"Демир Капија 2023 год.– 30.000 денари | Во текот на годината | Општина Демир Капија | 117.000<br><br>6.000<br>6.000<br>30.000 | | | 117.000<br><br>6.000<br>6.000<br>30.000 |
| 4. | Организирање на Едукативни работилници за информирање на младите за детектирање на облиците на зависности, трговија со луѓе и облиците на семејно насилство | во текот на годината | Општина Д.Капија, НВО,МТСП | 10.000 | | 10.000 | 20.000 |
| 5. | Родова еднаквост (активности и мерки согласно Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година) | Во текот на годината | Општина Демир Капија,Комисија за еднакви можности | 150.000 | | | 150.000 |
| 6. | Трансфери до здруженија на граѓани, спортски клубови и верски заедници | Во текот на годината | Општина Демир Капија | 400.000 | | | 400.000 |
| 7. | Меѓуопштинска соработка-учество во партнерски проекти од областа на социјалната заштита со општините од Вардарски плански регион | По потреба | Општина Д.Капија Вардарски плански регион | 100.000 | | | 100.000 |
| | Вкупно: | | | 1.305.800 | 250.000 | 289.200 | 1.845.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/5 Градоначалник на
10.04.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), а согласно член 5 од Одлуката за јавна чистота на територијата на Општина Демир Капија бр.07-421/4 од 31.05.2011 година, Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 07.04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

За одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2023 година

## 1 ВОВЕД

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Демир Капија за 2023 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивното финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавно-прометни површини и отворени простори пред јавни објекти и е во зависност од:

- Густината на населението
- Фреквенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Инфраструктурни сообраќајни услови
- Делување на градежна оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини
- Социјалниот аспект на граѓаните;
- Финансиската состојба на општината и
- Структурата и опременоста на ЈКП Бошава Демир Капија.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од следниве активности:

1. Обврски на ЈКП Бошава

- Секојдневно метење на улици (ул.Маршал Тито, централното градско подрачје-плоштадот, делот од ул.11 ти Октомври позади спортка сала и делот пред општински канцеларии)
- Метење на останатите улици во град Демир Капија
- Периодично миење на улици (по потреба во зависност од загадувањето и нечистотијата)
- Одржување на спомен обележја
- Одржување на јавни површини во зимски услови
- Одржување на градски пазар
- Одржување на градски гробишта (уредување на просторот) и
- Расчистување на диви депонии

2. Правни и физички лица

- Отстранување на предмети и материјали оставени пред сопствените парцели
- Расчистување на снег пред сопствените објекти како физички така и деловни простории.

Чистењето на јавните површини од снежни врнежи ќе се врши согласно Годишниот оперативен план за зимски услови на општина Демир Капија

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективните и индивидуалните објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирање на акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец октомври или почеток на ноември, со претходно известување. На овој начин се овозможува на лицата да ги исчистат своите подруми и дворни површини.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП Бошава по претходен договор со организаторите на истите.

**Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавните објекти ќе се постават соодветни садови за фрлање на отпадоци.

Во централното подрачје ќе се одржуваат поставените канти со пепелници секојдневно, а доколку има потреба ќе бидат поставени и дополнителни канти.

## 2 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Програмата на општина Демир Капија за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавно-прометните површини заради обезбедување на поквалитетни услови за работа и живеење на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## 3 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма се утврдува:

- Територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти;
- Начините на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Надзорот над спроведување на програмата и
- Начинот на финансирање

## 4 ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија ќе ги опфати:

- Јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти (улици, тротоари, плоштади, отворени површини, паркинг простори, мостови, автобуски стојалишта и такси станици, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа програма.

При спроведување на Програмата се изведуваат следните активности:

- Рачно метење на јавно – прометните површини
- Миење на јавно – прометните површини со цистерна
- Собирање на смет (подразбира отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и транспортирање до депонија)
- Рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови

## 5 ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.

## 6 ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 6.1 МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

#### 6.1.1 МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| **Улици** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „Првомајска” до спој со ул. „11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад- Пешачка зона) | 927 |
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври” (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 1.430 |
| Улица „11 Октомври”  | Од спој со ул. „Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 654 |

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши еднаш месечно и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини.

| **Улица** | **Опис** | **Површина ( $М^2$ )** |
|---|---|---|
| Улица „Партизанска”  | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул. „Даме Груев” | 2970 |
| Улица „Првомајска”  | Од вкрстувањето со ул.„Маршал Тито” (кај „Пипераната”) до Црквата | 1240 |
| Улица „3“  | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска“ | 1.375 |
| Улица „11 Октомври” | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | 512,5 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Обиколница  | Од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | 700 |
| Улица „Маршал Тито“  | Од автобуска станица до влез во Вила Марија | 1200 |
| Централен плоштад „Маршал Тито” | Пешачка зона | 3880 |

6.1.2 МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Постоечките обележани паркинг простори се во склоп на ул.„Маршал Тито” и тие се метат заедно со оваа улица.

Површините за метење се искажани заедно со површините на оваа улица.

6.1.3 МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И МОСТОВИ

Метењето на плоштадот и мостовите прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| Плоштади и мостови | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона | 1200 |
| Стар мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 690 |
| Нов мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 375 |
| Парк „Река Бошава“ | Пешачка патека, лениковци и игралишта | 1200 |
| Парк по насип на река Бошавица | Пешачка патека и тетниковци | 400 |

6.1.4 МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

Метењето на градскиот пазар се извршува во петок од 12.00 до 14.00 часот (ден пред пазарниот ден) и во сабота по завршувањето на пазарниот ден.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

### 6.1.5 ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Чистењето и одржувањето на градските гробишта ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генералното чистење на гробиштата ќе се врши една седмица пред верските празници Прочка, Велигден, Задушница, Божиќ и Голема Богородица.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

## 6.2 МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини се извршува со автоцистерна во период од 1-ви април до 31-ви октомври од 22.00 - 06.00 часот.

Миењето на јавните површини прикажани во табелата подолу ќе се врши редовно еднаш месечно и по потреба.

| **Улици** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „Првомајска” до спој со ул. „11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад- Пешачка зона) | 1236 |
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври” (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 1716 |

| | | |
|---|---|---|
| Улица „11 Октомври”  | Од спој со ул. „Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 2398 |

| **Улица** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Улица „Партизанска”  | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул. „Даме Груев” | 8910 |
| Улица „Првомајска”  | Од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито” (кај „Пипераната”) до Црквата | 3720 |
| Улица „3“ | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска“ | 1512 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Улица „11 Октомври”<br> | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | 1127 |
| Обиколница<br> | Од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица “ | 2100 |
| Улица „Маршал Тито “<br> | Од автобуска станица до влез во Вила Марија | 3900 |

| Плоштади и мостови | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона | 5.079 |
| Стар мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 1035 |
| Нов мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 900 |

### 6.3 РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период се задолжува ЈПК "БОШАВА" Демир Капија да врши рачно чистење на снег и мраз од јавно – прометните површини дадени во долната табела:

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито"  | Од спојот со ул. „Првомајска" до спој со ул. „11-ти Октомври" (Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | 206 |
| Улица „Маршал Тито"  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври" (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост" на река „Бошавица" | 286 |
| Улица „11 Октомври"  | Од спој со ул. „Маршал Тито" (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито". | 103 |
| Улица „11 Октомври"  | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври" паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври" кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица" | 922 |

| | | |
|---|---|---|
| Улица „3“  | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска “ | 1.650 |

| **Плоштади и мостови** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона<br>Пешачки патеки и пристапни приоди до објекти на Институции од јавен интерес | 1.270 |
| Стар мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 206 |
| Нов мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 515 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |

### 6.4 ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈПК "БОШАВА" е должна да постапува по издадените решенија од општинскиот комунален инспектор за чистење на диви депонии и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на просторот веднаш по завршувањето на јавните манифестации кои ги организира општина Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на сите хоризонтални и вертикални сливници по градски улици, мостови и плоштад во град Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење, утовар и депонирање на наноси од земја и друг отпаден материјал настанат од поројни дождови од градски улици и плоштад во град Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на улиците по елементарни непогоди.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши одржување на урбана опрема ( летниковци, клупи, корпи за отпадоци, фонтани, патокази, елементи на детски игралишта, жардиери, пешачки патеки и други елементи на урбана опрема).

Финансирањето е дел од оваа програма.

Ваквите дополнителни активности треба да се имаат во предвид при склучувањето на Договорот за вршење на услуги од редот на јавната чистота.

### 7 БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За годишно одржување на овие површини, во обем и фреквенција опишани во оваа програма, согласно Буџетот на Општина Демир Капија предвидени се **1.073.651,40** денари.

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота утврден со Одлука за утврдување на надоместоккот за одржување на јавната чистота бр.07-502/2 од 31.08.2009 година донесена од Советот на Општина Демир Капија и од Буџетот на општина Демир Капија

Надоместок за одржување на јавна чистота од физички и правни лица во вкупен износ од 229.830,00 ден. од кои:

- Физички лица -> 180.340,00 ден.
- Правни лица -> 49.490,00 ден.

---

Надоместок за одржување на јавна чистота од буџет на Општина Демир Капија:

843.821,40 ден.

**ДЕТАЛЕН ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД**

| УЛИЦА | | површина (м2) | цена | интеракции | износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот со ул. Првомајска до спојот со ул. 11ти Октомври | | | | |
| | метење | 927,00 | 0,40 | 288 | 106.790,40 ден |
| | миење | 1236,00 | 0,50 | 12 | 7.416,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 206,00 | 5,20 | 3 | 3.213,60 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **117.420,00 ден** |
| 2. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот со ул. 11ти Октомври до стар мост нарека Бошавица | | | | |
| | метење | 1430,00 | 0,40 | 288 | 164.736,00 ден |
| | миење | 1716,00 | 0,50 | 12 | 10.296,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 286,00 | 5,20 | 3 | 4.461,60 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **179.493,60 ден** |
| 3. | Улица „11 Октомври“ - од спојот со ул. Маршал Тито до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул. Маршал Тито | | | | |
| | метење | 654,00 | 0,40 | 288 | 75.340,80 ден |
| | миење | 2398,00 | 0,50 | 12 | 14.388,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 103,00 | 5,20 | 3 | 1.606,80 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **91.335,60 ден** |
| 4. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | | | | |
| | метење | 512,00 | 0,40 | 12 | 2.457,60 ден |
| | миење | 1127,50 | 0,50 | 12 | 6.765,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 922,50 | 5,20 | 3 | 14.391,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **23.613,60 ден** |
| 5. | Улица „Партизанска“ | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | метење | 2970,00 | 0,40 | 12 | 14.256,00 ден |
| | миење | 8910,00 | 0,50 | 12 | 53.460,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **67.716,00 ден** |
| 6. | Улица „Првомајска“ | | | | |
| | метење | 1240,00 | 0,40 | 12 | 5.952,00 ден |
| | миење | 3720,00 | 0,50 | 12 | 22.320,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **28.272,00 ден** |
| 7. | Улица „3“ | | | | |
| | метење | 1375,00 | 0,40 | 12 | 6.600,00 ден |
| | миење | 1512,50 | 0,50 | 12 | 9.075,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 1650,00 | 5,20 | 3 | 25.740,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **41.415,00 ден** |
| 8. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | | | | |
| | метење | 700,00 | 0,40 | 12 | 3.360,00 ден |
| | миење | 2100,00 | 0,50 | 12 | 12.600,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **15.960,00 ден** |
| 9. | Улица „Маршал Тито“ - од автобуска станица до влез во Вила Марија | | | | |
| | метење | 1200,00 | 0,40 | 12 | 5.760,00 ден |
| | миење | 3900,00 | 0,50 | 12 | 23.400,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 975,00 | 5,20 | 3 | 15.210,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **44.370,00 ден** |
| 10. | Централен плоштад „Маршал Тито“ | | | | |
| | метење | 3880,00 | 0,40 | 12 | 18.624,00 ден |
| | метење | 2100,00 | 0,40 | 288 | 241.920,00 ден |
| | миење | 5079,00 | 0,50 | 12 | 30.474,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 1270,00 | 5,20 | 3 | 19.812,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **310.830,00 ден** |
| 11. | Стар мост на река Бошавица | | | | |
| | метење | 690,00 | 0,40 | 288 | 79.488,00 ден |
| | миење | 1035,00 | 0,50 | 12 | 6.210,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 206,00 | 5,20 | 3 | 3.213,60 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **88.911,60 ден** |
| 12. | Нов мост на река Бошавица | | | | |
| | метење | 375,00 | 0,40 | 288 | 43.200,00 ден |
| | миење | 900,00 | 0,50 | 12 | 5.400,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 515,00 | 5,20 | 3 | 8.034,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **56.634,00 ден** |
| 12. | Парк „Река Бошава“ | | | | |
| | метење | 1200,00 | 0,40 | 12 | 5.760,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **5.760,00 ден** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Парк по насип на река Бошавица | | | | |
| | метење | 400,00 | 0,40 | 12 | 1.920,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **1.920,00 ден** |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО** | **1.073.651,40 ден** |

**ВРЕМЕНСКИ ТАБЕЛИ НА АКТИВНОСТИ**

- **метење на улици – неделно**

| ред.бр. | Површина | Пон. | Вто. | Сре. | Чет. | Пет. | Саб. | Нед. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” - крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X | X | |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општинските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X | X | |

- **метење на плоштад и мостови – неделно**

| ред.бр. | Површина | Пон. | Вто. | Сре. | Чет. | Пет. | Саб. | Нед. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | |
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | |

- **метење на улици – месечно**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул.„Партизанска” (од спојот со ул. „Маршал Тито”-кај Пунктот на ЈП „Македонија пат”, до спојот со ул. „Даме Груев”) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Првомајска” | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито”-кај „Пиперaната”, до влезот на Црквата „Св. Богородица”) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 4. | Улица „3“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 5. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 6. | Улица „Маршал Тито“ - од автобуска станица до влез во Вила Марија | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 7. | Парк „Река Бошава“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 8. | Парк по насип на река Бошавица | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 9. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на улици – еднаш месечно**

| ред.бр. | Површина | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” -крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општинските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X | X | X |
| 4. | ул. „Партизанска“ (од спојот со ул. „Маршал Тито“- кај пунктот на ЈП „Македонија пат“, па до спојот со ул. „Даме Груев“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 5. | ул. „Првомајска“ (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито“, кај Пиперaната, па се до | X | X | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | влезот на Црквата „Св. Богородица“ | | | | | | | |
| 6. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 7. | Улица „3“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 8. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 9. | Улица „Маршал Тито“ - од автобуска станица до влез во Вила Марија | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на улици – по потреба**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” -крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општи-нските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X |
| 4. | ул. „Партизанска“ (од спојот со ул. „Маршал Тито“-кај пунктот на ЈП „Македонија пат“, па до спојот со ул.„Даме Груев“ | X | X | X | X | X |
| 5. | ул. „Првомајска“ (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито“, кај Пипераната, па се до влезот на Црквата „Св. Богородица“ | X | X | X | X | X |

- **миење на плоштад и мостови – еднаш месечно**

| ред.бр. | Површина | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на плоштад и мостови – по потреба**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X |
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X |

Секоја дополнителна измена на Програмата ќе влијае на висината на надоместокот за одржување на јавната чистота.

## 8 НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на оваа програма врши општинскиот комунален инспектор.

За извршените активности на терен, ЈПК "БОШАВА" се задолжува да доставува квартални (на секои три месеци) извештаи за извршена работа (извршена работа и потврдена од страна на општината) до Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, а на крајот на годината и годишен извештај кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на општина Демир Капија.

## 9 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/7
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2023 година**

Се објавува Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/6
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основ на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните (,,Службен весник на РМ бр.149/14,149/15 и 16/53) ,Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 07.04.2023 година ,донесе

**Програма**

За заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња ,односно нерегистрирани и регистрирани кучиња , затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2023 година

**I Вовед**

Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња , односно нерегистрирани и регистрирани кучиња , затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот , е во согласност со член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните и обврските на општините кои произлегуваат од истиот.

За заштита на населението од опасности кои животните можат да ги предизвикаат , а посебно заради обезбедување на елементарна заштита и благосостојба на животните , општините се задолжени да применуваат мерки за заштита и третман на бездомни кучиња.

Постапките за третман на бездомни кучиња се дефинирани согласно закон,врз основ на кој општините изготвуваат Годична програма за работа , усогласена со предвидениот буџет за реализација на потребните активности.

Постапката ги вклучува следните општи мерки :

1.Заловување на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственик и привремено сместување во прифатилиште.

2.Третман на бездомни кучиња (стерилизација,ветеринарно – медицински третман ,тест за стерилизација,обележување со микрочип и ушна маркица ,враќање во реонот од каде што е земено,вдомување и внес на сите податоци во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство)

Општите мерки ги организира единицата на локалната самоуправа и се спроведуваат во соработка со останатите надлежни институции и регистрирани субјекти овластени за вршење на дејност- прифатилишта.

Посебна мерка за заштита на населението и третман на бездомни улични кучиња е Хумана еутаназија на бездомни кучиња , во случај на појава на заразна болест.

Специфичните мерки за заштита се спроведуваат во случај на појава на заразна болест,која може да се пренесе со кучињата,односно доколку постои опасност од појава на ваква болест,може да се направат исклучоци од основните мерки и да се спроведе хумана еутаназија на кучињата

**II.Активности**

Со програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението и заштита и благосостојба на животните ,се утврдуваат активностите ,извршителите ,роковите и изворите на финансирање средства за спроведување на општите мерки на територијата на општина Демир Капија.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Демир Капија ,во соработка со овластена фирма за заловување која има прифатилиште и дозвола од Агенцијата за храна и ветеринарство и истата ќе биде избрана на јавен тендер објавен од страна на општината.

Бројот на заловени кучиња ќе биде во зависност од тоа колку ќе биде цената на едно заловено куче согласно тендерот .

1.Заловување на бездомни кучиња од страна на квалификувани лица

Заловувањето ќе се изврши најкасно 10 дена од потпишување на договорот со фирмата за вршење на услуги.

Заловувањето го планираме да се изврши во градот Демир Капија и во населените места Корешница и Бистренци ,а доколку имаме потреба и во останатите селски населби.

2.Заловување на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња,затекнати на јавни површини без присуство на сопственик , и привремено сместување во прифатилишта.

3.Третман на заловените бездомни кучиња (кастрација ,здравствено третирање ,социјализација,обележување со микрочип,враќање во регион од каде е заловено)

Заловените кучиња треба да бидат прегледани од доктор по ветеринарна медицина и потоа со нив да се постапува согласно Законската регулатива .Кучињата треба да се вакцинирани против беснило и третирани против екто и ендопаразити ,идентификувани со микрочип и сите податоци се внесени во ИСАХВ .

На секое бездомно куче треба да му се спроведе тест за социјализација од страна на овластено лице од АХВ.Оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни нема да се вратат на реонот на заловување туку ќе бидат понудени за вдомување ,а по истек на 30 дена од моментот на спроведување на тестот за социјализација по исцрпување на сите

можности за вдомување кучињата ќе бидат еутанизирани .

Одлуката за еутаназија и самата еутаназија ја врши Доктор по ветеринарна медицина .Кучињата кои ќе се вратат на реонот на заловување покрај тоа што ќе се микрочипирани ќе бидат и видливо обележани со ушна маркица во боја пропишана во годишната наредба за здраавствена заштита на животните.

На сите заловени кучиња им се зема крв за утврдување на Лајшманиоза .Со кучињата кои ќе бидат позитивни на Лајшманиоза се постапува во согласност со актуелната годишна наредба за здравствена заштита на шивотните.

4.Контрола на популацијата на бездомни кучиња

Сегашната состојба во општина Демир Капија е дека во општината имаме околу 30 кучиња скитници

Општина Демир Капија и во 2023 година ќе продолжи да се грижи за заштита и благосостојба на животните , со правилен третман на бездомните кучиња , согласно закон и Годишна програма.Комуналната редарска служба при општината ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката на комунален ред ,и Членовите 140,141 и 142, со кој се прецизираат постапките согласно законот .

Контролата на квалитетот и исправноста во извршување на обврските на општината Демир Капија , согласно Законот за заштита и благосостојба на животните како и Планот и Годишната програма ,ќе ја вршат надлежни органи, Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ,Сектор за инспекциски надзор.

При избирање на фирма за вршење на услуги согласно програмата истата треба да има дозвола од АХВ.

Фирмата треба да ги исполнува условите пропишани согласно Законот за заштита и благосостојба на животните,односно треба да врши :

-заловување,
-вакцинација,
-тест за социјализација,
-еутаназија ,
-треба да има прифатилиште за животните согласно законските прописи
-да води регистар на односно досие за секое заловено куче во кое ќе биде опишан целокупниот третман на животното од прифаќање до излегување од Прифатилиштето.

Со самото склучување на договор општината ќе ја извести АХВ ,со која фирма е склучен договор за набавка и користење на услуги за заловување и сместување на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња во прифатилишта.

**III. Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година ,програма ЕО- општинска администрација (ветеринарни услуги ), годишна вакцинација и третман за заштита од штетници ,на кучиња и нови бездомни кучиња и истата ќе биде во висина од 200 000,00 денари.

Се надеваме дека предвидените средства ќе бидат доволни за заловување и прифаќање на минимум 25 кучиња.

**IV . Известување**

Бидејќи општина Демир Капија нема јавни гласила ,сите известувања и информации до граѓаните ќе се вршат преку соопштенија истакнати на јавни места,ВЕБ страната на општината ,соработка на општината со полицијата,разните здруженија за заштита на животните како и останати невладини организации.

**V. Контрола**

Контрола над спроведување на општинските мерки на општина Демир Капија за заштита и благосостојба на животните ,врши претставник од одделението за инспекциски надзор при општина Демир Капија.

Во текот на годината ќе се спроведат како редовни така и вонредни Инспекциски надзори од страна на Комуналниот инспектор и комуналните редари во општината согласно нивните надлежности од Законот за благосостојба и заштита на животните

Во случај на спроведување на посебни мерки ќе биде известена Агенцијата за храна и ветеринарство , за вршење на инспекциски надзор.

**VI. Завршни одредби**

Оваа програма има важност за тековната 2023 година .Во случај на потреба од активности кои не се предвидени во истата програма ,советот на општина Демир Капија ќе донесе измени и надополнувања на истата.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 311/8<br>07.04.2023 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Андон Крстевски с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –338/7<br>10.04.2023 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на Р.М. бр.5/2002 ),член 12 став 1 и член 14 став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести (,,Сл.весник на Р.М. бр.66/2004,139/08, 99/09, 86/11, 149/14, 150/15 и 37/16) , Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2023 година**

**I .*<u>Вовед</u>***

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки,целите ,планираните активности , финансирањето и извршителите над спроведувањето на програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Демир Капија за 2023 година.

**II. *<u>Стратегиска цел на програмата</u>***

Заради заштита на населението во Општина Демир Капија од заразни болести , потребно е да превземеме соодветни општи мерки во текот на 2023 година со цел спречување , рано откривање, спречувањето на ширење и сузбивање на заразните болести и на инфекциите.

**III .*<u>Активности</u>***

Во текот на 2023 година ,Општина Демир Капија ќе ги превземе следните планирани мерки и активности:

**1.*Активности***

1.1. Мерки

1.1.1. Вршење на превентивна дезинсекција

1.1.2.Локација

Дезинсекција на територијата на град Демир Капија ,како и населените места - вкупен опфат 160 ха

- градежен реон и по течението на реката Вардар и Дошница,како и населените места во општината

1.1.3.Планирани средства

Буџет на Општина Демир Капија

**1.2**. Мерки

1.2.1. Вршење на превентивна дератизација

1.2.2..Локација

Дератизација на канализација на населено место Демир Капија и други населени места каде што општината раководи со канализационите системи по ревизиона шахта

- 150 шахти .Временска рамка на извршување - април, мај 2023 год.

1.2.3.Планирани средства

Буџет на Ј.К.П.Бошава

**1.3** Мерки

1.3.1. Други хигиенско технички мерки на населените места и други јавни површини

1.3.2. Локација

Дезинсекција во основните училишта ,јавни општински установи,јавни површини и други објекти

1.3.3.Планирани средства

Буџет на јавни општински установи

**2. *Активности***

2.1.1. Мерки

Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

2.1.2. Локација

Водоводни системи во Демир Капија и населените места на општината чии водоводи се под надлежност на ЈКП.Бошава

(Доколку настане превземање на други селски водоводи од страна на Ј.П.Бошава за истите ќе се обезбеди безбедна вода за пиење)

2.1.3.Планирани средства

Буџет на ЈКП.Бошава

**3.** ***Активности***

3.1.1.Мерки

Обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти : училишни и предучилишни установи , објекти за исхрана ,објекти за водоснабдување други јавни установи

3.1.2. Локација

-ООУ,,Димче А.Габерот " Демир Капија и подрачните училишта

-ЈОУДГ,,Борис Трајковски" Демир Капија

-ОУ Дом на култура ,,Мирка Гинова" Демир Капија

-ЈКП.Бошава Демир Капија и др. јавни установи на општината

3.3.3. Планирани средства

Буџет на јавни установи и претпријатија

**4.** ***Активности***

4.1.1.Мерки

Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

4.1.2. Планирани средства(едукација)

- Дом на културата
- Сала за состаноци при општина Демир Капија
- ООУ,,Димче А.Габерот "Демир Капија

**5.** ***Активности***

5.1.1.Мерки

Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможИ загадување на човековата околина

5.1.2. Локација

На територија на Општина Демир Капија

5.3. Планирани средства

- Општина Демир Капија
- Ј.К.П.Бошава Демир Капија

Сите планирани мерки и активности со оваа Програма ќе бидат реализирани во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон

**IV.*<u>Финансирање на програмата</u>***

Активностите утврдени со оваа програма кои се на товар на општина Демир Капија ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Капија Програма__________ ставка ________, а останатите од буџетите на јавните установи и претпријатија на територија на Општината.

**V.*<u>Извршители на програмата</u>***

Извршители на мерките и активностите предвидени со оваа програма ќе бидат најповолните понудувачи избрани по спроведени постапки , согласно законите на С.Р.Македонија , со кои се склучуваат договори

**VI. *<u>Завршни одредби</u>***

Оваа програма влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во ,,Сл. гласник на Општина Демир Капија"

| | |
|---|---|
| Број 08 – 311/9 | Претседател на Совет на |
| 07.04.2023 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Андон Крстевски с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Залучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Залучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –338/8 | Градоначалник на |
| 10.04.2023 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XX-та седница одржана на 07.04.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 8 "Предлог-Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија".

2**.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 311/10
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Извештај за работењето на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Решение за давање Согласност на Извештај за работењето на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/9
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање Согласност на Извештај за работењето на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за комунални работи "БОШАВА" од Демир Капија за 2022 година, усвоен од Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на 15.03.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 311/11
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Финансиски извештај по годишна сметка на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Решение за давање Согласност на Финансиски извештај по годишна сметка на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/10
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на

РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање Согласност на Финансиски извештај по годишна сметка на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Финансиски извештај по годишна сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија, усвоен од Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на 15.03.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/12
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на водата за пиење**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на водата за пиење, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/11
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) а во врска со член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/16), Советот на општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Одлуката за цената на водата за пиење**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за цената на водата за пиење број 02-161/6 од 15.03.2023 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Бошава" Демир Капија на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/13
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на надоместокот за отпадни води**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлуката за цената на надоместокот за отпадни води, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/12
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) а во врска со член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/16), Советот на општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Одлуката за цената на надоместокот за отпадни води**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за цената на надоместокот за отпадни води број 02-161/7 од 15.03.2023 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Бошава" Демир Капија на седницата одржана на ден 15.03.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/14
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за јавна чистота во град Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за јавна чистота во град Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/13
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на XX седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за јавна чистота во град Демир Капија за 2022 година**

1 Советот на општина Демир Капија ГО УСВОИ Годишниот извештај за јавна чистота во град Демир Капија за 2022 година, усвоен од Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на 15.03.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/15
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.04.2023 година.

Број 09 –338/14
10.04.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на XX-та седница одржана на ден 07.04.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај по завршна сметка (блок дотации, сметка за сопствени приходи) на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 311/16
07.04.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---